РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 12-2171/4
05-11-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 41- седница одржана на 30.10.2026 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-2171/1 од 10.06.2026 година, оформен по пријава со наводи за сомневање во врска со работењето и водењето на кадровска политика за упатување на лекари за специјализација од страна на ЈЗУ Здравствен Дом во Општина ----------, како и продолжување на вработувањето на одредени лекари во установата, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во предметот поради тоа што не се потврдуваат наводите од пријавата.

Предметот со број 12-2171/1 од 10.06.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 27.04.2026 година, до ДКСК поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконско работење и водење на кадровска политика за упатување на лекари за специјализација од страна на ЈЗУ Здравствен Дом во Општина ----------, како и продолжување на вработувањето на одредени лекари во установата. Во пријавата се наведува дека на одредени лекари кои веќе исполнуваат услови за пензионирање, им се продолжува работниот однос, а имало специјалисти кои ја завршиле специјализацијата а не биле распоредени согласно стекнатите квалификации.

Со цел проверка на пријавените наводи, ДКСК достави барање до ЈЗУ Здравствен Дом Македонски Брод.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Постапувајќи по барање на ДКСК, ЈЗУ Здравствен Дом Македонски Брод на ден 04.08.2026 година достави Одговор заведен под бр.---------/2, со кој информира за следново:
Од јавната здравствена установа информират дека на специјализација од 2019 година до датумот на доставање на одговорот до ДКСК биле упатени следниве лекари: ---------- од 01.10.2019 до 01.10.2023 година вработен во ЈЗУ Здравствен Дом ---------- како специјалист по радиодијагностика, ---------- од 01.10.2019 до 28.02.2025 година и од 01.08.2026 година вработена во ЈЗУ Здравствен дом --------- како специјалист интернист, ---------- од 01.03.2019 до 01.03.2024 година вработен во ЈЗУ Здравствен Дом ---------- во Итна медицинска помош, ---------- во Офталмологија од 01.10.2019 до 01.10.2024 година – вцработен во ЈЗУ Здравствен дом ---------- како специјалист офталмолог, ---------- во Ургентна медицина од 01.10.2021 до 01.10.2026 година сеуште е на специјализација, ---------- во Педијатрија од 01.10.2021 до 01.10.2026 година – сеуште е на специјализација, ---------- во Медицина на труд од 01.10.2021 до 01.10.2025 година, која по нејзино барање е превземена од ЈЗУ Здравствен дом Битола согласно со член 147 од Законот за здравствена заштита, ---------- во Физикална и рехабилитациона медицина од 01.12.2022 до 01.12.2026 година, која е сеуште на специјализација, ---------- во Детска и превентивна стоматологија од 20.04.2019 до 20.04.2022 година – Решение за изрекување на дисциплинска мерка – Откажување на договор за вработување без отказен рок бр.---------/--- од 30.12.2024 година и ---------- во Дерматовенерологија од 10.11.2023 до 10.11.2024 година која сеуште е на специјализација.

Специјализантите кои ја имаат завршено специјализацијата согласно член 4 од Договорот за специјализација со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски во однос на реализацијата на специјализацијата се распоредени и тоа: ---------- како специјалист по радиологија, ---------- од 01.08.2026 година како специјалист интернист, ---------- е специјалист по Гинекологија и Акушерство и е вработен во Итна Медицинска помош, поради тоа што согласно со Законот за јавно здравје во јавната установа не може да има специјалистичка дејност по Гинекологија и ---------- на Офталмологија кој е вработен како специјалист офталмолог.

По однос на наводите за продолжување на вработувањето на одредени лекари во установата, ЈЗУ информира дека врз основа на Писмена изјава бр.--------/1 од 09.07.2025 со барање за продолжување на работниот однос за една година поднесена од д-р ---------- – доктор по медицина специјалист интернист, а која исполнила услови согласно член 204-а од Законот за здравствена заштита поднела, ЈЗУ Здравствен дом ---------- донела Одлука бр.-------/3 од 29.08.2025 година за продолжување на работниот однос за уште една година најдоцна до 17.10.2026 година на споменатата докторка.

Врз основа на горенаведеното ДКСК констатира дека сите лекари кои биле упатени на специјализација од страна на работодавачот ЈЗУ Здравствен дом ---------- специјализирале во предвидениот рок и истите се распоредени на соодветни работни места, освен тие на кои специјалистичките студии сеуште им траат согласно предвидените рокови. По однос на наводите за незаконско продолжување на работниот однос на одредени лекари во установата, ДКСК констатира дека продолжувањето на работниот однос на еден лекар е спроведено согласно со закон.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што не се потврдуваат наводите од пријавата по што оцени и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: А.Ч., Претседател на ДКСК